

05-06-2018 WHO

# *Светски ден на животната средина, јуни 2018 Заштити ја нашата животна средина, заштити го нашето здравје*

Глобалната тема на Светскиот ден на животната средина во 2018 година е **„Да го победиме загадување од пластика“.** Таа има за цел да го промени однесувањето на потрошувачите со предизвикот: „Ако не можете повторно да го искористите, отфрлете го“.

Секоја година, најмалку 1,4 милиони Европејци прерано умираат поради загадената средина, што брои најмалку 15% од вкупниот број смртни случаи во Европа. Севкупно, европските граѓани губат 50 милиони години здрав живот секоја година како резултат на еколошките ризици.

Во Европа, ризичните фактори од животната средина се одговорни за околу 26% од исхемичната срцева болест, 25% од мозочните удари и 17% од случаите со рак. Загадувањето на воздухот е водечки европски еколошки убиец. Дополнителните ризични фактори од животната средина го вклучуваат хемиското загадување и небезбедната вода, како и лошата канализација, повредите, професионалните ризици и бучавата.

**Подобрување на животната средина и здравјето**

Европскиот центар за животна средина и здравје (ЕСЕН) во Бон, Германија, ги поддржува земјите и партнерите да ги идентификуваат политиките и активностите кои можат да бидат од корист како за животната средина, така и за здравјето на луѓето, користејќи ги најдобрите достапни докази. Големите можности лежат во промена на моделите на потрошувачка и поттикнување на здрави пристапи во енергетиката, транспортот, домувањето, урбаниот менаџмент и земјоделството како и во самиот здравствен сектор.

Понатаму, ЕСЕН ги поддржува европските земји-членки во спроведување на здравствените и еколошките димензии на Целите за одржлив развој (SDGs, Sustainable Development Goals). Здравјето и благосостојбата поврзани со факторите од животната и работната средина се резултат, детерминанти и овозможувачи на одржлив развој.

## Пластиката и циркуларната економија

Пример за тоа како моделот на промена на начинот на користење може да ја подобри животната средина е користењето и диспозицијата на пластичните отпадоци. Глобалната тема на Светскиот ден на животната средина во 2018-та година е „Победете го загадувањето од пластични отпадоци", ако не можете да ги употребите повторно, исфрлете ги од употреба."

Секоја година, земјите од Европската унија (ЕУ) создаваат 25 милиони тони пластичен отпад, а помалку од 30% од ова се собира за рециклирање. За да се справи со ова, во јануари оваа година ЕУ ја усвои својата прва стратегија за пластика како дел од својот циркуларен економски пакет, усвоен во 2015 година. Циркуларната економија се фокусира на користење на помалку ресурси и помалку енергија и намалување на отпадот, а истовремено промовирајќи рециклирање, траен дизајн, одржување и поправка.

ЕСЕН, The WHO European Centre for Environment and Health, беше домаќин на состанокот под наслов "Циркуларната економија ги задоволува и животната средина и здравјето - можностите и ризиците", во октомври 2017 година во Бон. Состанокот имаше цел да ја олесни вклученоста и дискусијата на здравствениот сектор со главните партнери и актери кои се занимаваат со циркуларната економија и да го започнат развојот на усогласена позиција за здравствениот сектор во рамките на Европскиот регион на СЗО.

Во соработка со партнерите и клучните актери, СЗО продолжува и понатаму да ја истражува оваа област. Таа ќе го заврши извештајот за проценка на циркуларната економија и нејзините импликации за здравјето на луѓето во текот на 2018 година.

**Јуни, 2018**
**Извор:** http://www.euro.who.int
**Подготвил:** Бранка Крстев, дипл. социјален работник